Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЧЕШКАТА РЕПУБЛИКА ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Чешката Република за социјално осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 февруари 2006 година.

Бр. 07-704/1
10 февруари 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЧЕШКАТА РЕПУБЛИКА ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Се ратификува Договорот меѓу Република Македонија и Чешката Република за социјално осигурување, склучен во Скопје на 7 октомври 2005 година.

Член 2

Договорот во оригинал на македонски јазик и чешки јазик гласи:

**ДОГОВОР**

**ПОМЕЃУ**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**И**

**ЧЕШКА РЕПУБЛИКА**

**ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

**Република Македонија**
**и**
**Чешка Република**

раководени од желбата да ги уредат заемните односи помеѓу двете држави во областа на социјалното осигурување, се договорија како што следи :

## ДЕЛ I

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1
Дефиниции

(1) За целите на овој договор поимите значат :

1. "правни прописи"
закони и други општи правни прописи кои се однесуваат на областите од социјалното осигурување од член 2 на овој договор;

2. "надлежен орган"
за Република Македонија :
Министерство за труд и социјална политика,
Министерство за здравство,

за Чешка Република :
Министерство за труд и социјални работи,
Министерство за здравство;

3. "носител"
институција надлежна за спроведување на правните прописи од член 2;

4. "надлежен носител"
институција на чиј товар се обезбедуваат давањата или надоместоците;

5. "живеалиште"
постојано место на живеење или вообичаено место на подолг престој;

6. "престој"
место на привремен престој;

7. "вработено лице"
вработено лице, лице кое самостојно врши дејност или изедначено лице според правните прописи на државите договорнички ;

8. "член на семејство"
лицѐ определено според правните прописи на државата договорничка на чиј товар треба да се обезбедат давањата;

9. "периоди на осигурување"
периоди на платени придонеси во социјалното осигурување во согласност со правните прописи како и периодите изедначени со нив;

10. "давања"
парични давања и давања во натура обезбедени во областите на социјалното осигурување наведени во член 2;

11. "парични давања" и "пензии"
сите давања во пари или пензии, вклучувајќи ги и сите нивни делови, усогласувања, додатоци, дополнителни исплати, како и сите еднократни исплати и надоместоци;

12. "давања во натура"
здравствена заштита и останати непарични давања и услуги;

13. "детски додаток"
парично давање за деца според правните прописи на секоја од државите договорнички;

14. "давања за невработеност"
парични давања кои се даваат со цел да се обезбеди материјална заштита на лицата кои бараат вработување;

(2) Другите изрази во овој договор го имаат значењето кое им е дадено во секоја држава договорничка според нејзините правни прописи;

**Член 2**
Област на важење

(1) Овој договор се однесува на правните прописи што ги регулираат :

1. давања во случај на болест и мајчинство;

2. давања за инвалидност;
3. давања за старост;
4. давања во случај на смрт;
5. давања за повреда на работа и професионална болест;
6. давања за невработени;
7. детски додаток.

(2) Правните прописи во смисла на ставот 1 се :

1. Во Република Македонија правните прописи за :
   1.1 здравствено осигурување вклучувајќи го и надоместокот за време на раѓање и мајчинство,
   1.2 пензиско и инвалидско осигурување,
   1.3 осигурување во случај на повреда на работа и професионална болест,
   1.4 осигурување во случај на невработеност,
   1.5 детски додаток.

2. Во Чешката Република правните прописи за :
   2.1 осигурување во случај на болест,
   2.2 здравствено осигурување,
   2.3 пензиско осигурување,
   2.4 државна социјална помош што се однесува на детски додаток и давањата во случај на раѓање,
   2.5 работните односи кога се работи за решавање на обврските за штета во случај на повреда на работа и професионални болести,
   2.6 вработувањето ако се однесува на давањата за невработени,

(3) Овој договор исто така се однесува на правните прописи со кои се менуваат или дополнуваат постоечките правни прописи од став 2. Не се однесува на правните прописи со кои се воведува нова област на социјалното осигурување, освен ако за тоа не се постигне договор помеѓу надлежните органи, освен во случај на војна и нејзините последици.

(4) Во односите помеѓу државите договорнички ќе се земат предвид обврските што произлегуваат од меѓународните договори склучени од другата држава договорничка со трети држави, доколку се работи за обврски кои произлегуваат од пензиското и инвалидското осигурување.

**Член 3**

Лица на кои се применува Договорот

Овој договор се однесува на :
1) лицата за кои важат или важеле правните прописи на едната или на двете држави договорнички;
2) други лица доколку нивните права ги изведуваат од лицата наведени во точката а).

**Член 4**
Еднаквост на примена

Ако со овој договор поинаку не е определено, при примената на правните прописи на државите договорнички лицата на кои се однесува овој договор се изедначени со нејзините државјани.

**Член 5**
Исплата на давањата

Доколку овој договор не определува поинаку, давањата неможат да се одбијат, намалат, менуваат, запрат или укинат само заради тоа што лицето има живеалиште на територијата на другата држава договорничка.

## ДЕЛ II

## ПРИМЕНА НА ПРАВНИТЕ ПРОПИСИ

**Член 6**
Општо правило

Ако членовите 7 и 8 не определуваат поинаку и ако не е поинаку договорено според член 9, на вработените лица се применуваат правните прописи на државата договорничка на чија територија ја вршат работата.

**Член 7**
Деташирани работници и други лица

(1) Ако работникот во рамките на договор за работа со работодавец со седиште во едната држава договорничка биде упатен да извршува работи за него на територија на другата држава договорничка, на него се применуваат правните прописи на првата држава договорничка до истекот на 24 каледнарски месеци од упатувањето исто како да бил вработен на нејзина територија.

(2) Ако работник во претпријатие за воздушен, железнички, патен или речен транспорт кое обавува меѓународен сообраќај на територијата на двете држави договорнички е упатен од својот работодавец со седиште во една од државите договорнички на територија на другата држава договорничка, тогаш на него продолжуваат да се применуваат правните

прописи на првата држава договорничка како да е вработен на нејзина територија.

(3) Работник испратен на територијата на другата држава договорничка не се смета за вработен на територијата на оваа држава договорничка според став 1 и 2 и ако има живеалиште во другата држава договорничка; тоа не се однесува ако со договорот за работа е наведено дека местото на работа е во првата држава договорничка.

(4) Јавните службеници и лицата упатени како такви назначени од едната држава договорничка на територијата на другата држава договорничка се применуваат правните прописи на државата договорничка од која се упатени.

(5) На посада на брод кој плови и другите лица вработени на брод кој плови се применуваат правните прописи на државата договорничка под чие знаме плови бродот.

**Член 8**

Дипломатски и конзуларни преставништва

(1) За членовите на дипломатските и конзуларните преставништва кои се упатени на територија на другата држава договорничка како и за лицата вработени кај нив се применуваат правните прописи на државата која ги упатила.

(2) За вработените од ставот 1 кои не се упатени се применуваат правните прописи на државата договорничка на чија територија се вработени; во овие случаи работодавецот е должен да се придржува на обврските кои важат за работодавците во државата на доаѓање. Ако се тие државјани на другата држава договорничка можат во рок од 3 месеци, од почетокот на вработувањето да одберат примена на правните прописи на другата држава договорничка.

**Член 9**

Исклучоци

На заедничко барање на вработениот и неговиот работодавец или лицето кое самостојно врши дејност, надлежните органи на двете држави договорнички можат договорно да определат исклучоци од примената на членовите од 6 до 8.

## ДЕЛ III

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### Глава прва

### БОЛЕСТ И МАЈЧИНСТВО

**Член 10**
Собирање на периодите на осигурување

Ако за стекнување, одржување или повторно воспоставување на правото на давање, според правните прописи на една од државите договорнички се потребни одредени периоди на осигурување, надлежниот носител на осигурување ќе ги земе во предвид, во потребна мера и соодветните периоди кои осигуреникот ги навршил според правните прописи на другата држава договорничка под услов тие да не се поклопуваат.

**Член 11**
Давања

(1) Лице, кое добило право на давање според правните прописи на една од државите договорнички, на територија од другата договорна страна остварува
1.1 давање во натура од носителот на другата држава договорничка според нејзините правни прописи како да било нејзин осигуреник во нужен обем, доколку лицето има потреба за неопходно добивање на такво давање.
1.2 парични давања директно од надлежниот носител на првата држава договорничка според нејзините правни прописи, но само во случаи ако тоа е неопходно и оправдано, освен ако исплатувањето на овие давања ги презел на себе носителот на другата држава договорничка и ги пружила во неизменета висина со одобрување и на товар на надлежниот носител на првата држава договорничка.

(2) По предходна согласност со надлежниот носител на лицето кое престојува на територијата на другата држава договорничка може да му се пружаат давања во натура и над неопходниот обем наведен во ставот 1.

(3) Давањата за ортопедски помагала и други давања во натура од поголема вредност е секогаш условено со согласност на надлежниот носител на првата држава договорничка, исклучувајќи ги случаите каде обезбедувањето е итно имајќи го во предвид животот или здравјето на лицето кое има право.

(4) Ако според правните прописи на едната држава договорничка правото на давања или износот на паричните давања е условен од бројот на членовите на семејството, тогаш надлежниот носител исто така ги зема во

предвид оние членови на семејството кои имаат постојано место на живеење на територијата на другата држава договорничка.

(5) Ако според правните прописи на двете држави договорнички, без оглед на овој договор се исполнети условите за доделување на давања за раѓање во двете држави договорнички. тогаш давањата за раѓање ќе бидат обезбедени според правните прописи на онаа држава договорничка за која се определило лицето кое има право.

**Член 12**

Корисници на пензија

(1) На лицето кое користи пензија од двете држави договорнички се применуваат правните прописи за здравственото осигурување на државата на чија територија тоа лице има постојано место на живеење.

(2) На лицето кое прима пензија само според правните прописи на едната држава договорничка, кое има живеалиште на територијата на другата држава договорничка, давањата во натура се пружаат според правните прописи на државата каде има живеалиште, како правото на пензија да е остварено според нејзините правни прописи. Давањата во натура се пружаат на товар на надлежниот носител на државата договорничка според чии правни прописи користи пензија и е осигурено.

**Член 13**

Надомест на трошоци

Надоместоците за давањата во натура кои припаѓаат според член 11 и 12 ќе ги надомести надлежниот носител кај кого лицето е осигурено, при што :

1) Висината на надоместокот на трошоците за надоместување од страна на надлежниот носител кој ги пружил давањата се пресметува во износ за одредени давања на своите осигуреници;
2) Надлежниот носител на таа држава договорничка на чија сметка биле пружени давањата ќе ги надомести на другиот носител давањата во смисла на член 11 и 12 со исклучок на административните трошоци;
3) Надлежните носители ќе се договорат за техничките прашања за давањата и надоместувањето на трошоците помеѓу носителите на државите договорнички. Заради административно поедноставување можат да се договорат за сите случаи или за одредена група на случаи, наместо пресметка на надоместоците за поедини конкретни случаи да се користат паушални давања.

## Глава втора

## ИНВАЛИДСКИ, СТАРОСНИ И СЕМЕЈНИ ПЕНЗИИ

### Член 14
Собирање на периоди на осигурување

Ако според правните прописи на едната држава договорничка стекнувањето, одржувањето или повторно воспоставување на правото на давање е условено од постоење или исполнување на периоди на осигурување, надлежниот носител на таа држава договорничка ако е неопходно ќе ги земе предвид и соодветните периоди на осигурување навршени според правните прописи на другата држава договорничка како да се работи за осигурување според нејзините правни прописи.

### Член 15
Самостојна пензија

Ако според правните прописи на едната држава договорничка се исполнети условите за правото на давање без оглед на периодите на осигурување навршени според правните прописи на другата држава договорничка, тогаш надлежниот носител на првата држава договорничка ќе ги одреди давањата само врз основа на периодите на осигурување навршени според нејзините правни прописи.

### Член 16
Сразмерен дел на пензија

Ако според правните прописи на едната држава договорничка правото на давање може да се стекне само со собирање на периодите на осигурување навршени според правните прописи на другата држава договорничка, тогаш надлежните носители постапуваат на следниот начин :

1) најпрво го пресметува теоретскиот износ на давањето кое на лицето би му припаѓало, доколку би се пресметало со сите периоди на осигурување ;

2) потоа, врз основа на вака пресметаниот износ давањето се утврдува во сразмер помеѓу должината на периодите на осигурување навршени според сопствените правни прописи и вкупно собраните периоди на осигурување.

### Член 17
Пресметување на основицата

За одредување на основицата за пресметување на давањето, периодите на осигурување навршени според правните прописи на другата држава договорничка, се исклучуваат.

## Член 18
Периоди пократки од 12 месеци

(1) Ако траењето на периодите на осигурување навршени според правните прописи на едната држава договорничка е помал од 12 месеци и врз основа на него не се остварува право на давање, тогаш носителот на таа држава договорничка нема да признае право на давања. Овие периоди ќе бидат засметани од носителот на другата држава договорничка како да се работи за периоди на осигурување навршени според нејзините правни прописи.

(2) Ако периодите на осигурување навршени според правните прописи на едната од државите договорнички не изнесуваат 12 месеци, и по тој основ неможе да се оствари право ни во едната од државите договорнички сите тие периоди ќе ги засмета носителот на онаа држава договорничка според чии правни прописи условите би се исполниле со собирање на овие периоди. Ако правото на давање на тој начин би било остварено во двете држави договорнички, сите периоди ќе ги земе предвид носителот на онаа држава договорничка според чии правни прописи е навршен подолг период на осигурување.

## Член 19
Поклопување

(1) Одредбите на правните прописи на едната држава договорничка за намалување, привремено запирање или запирање на давањата во случај на нивно поклопување со други давања односно приходи или заради обавување на дејност, исто така се применуваат во однос на корисниците на давањата остварени според правните прописи на другата држава договорничка или на лицата кои имаат приход или обавуваат дејност на територијата на другата држава договорничка.

(2) Правилото за намалување, привремено запирање или запирање на давањата според ставот 1 не се применуваат на давања од ист вид заради инвалидност, старост, семејни пензии како и при несреќа на работа и професионални болести кои ги обезбедуваат носителите на двете држави договорнички.

(3) Примената на одредбите од претходните ставови неможат да доведат до намалување на правата во однос на правните прописи за поклопување на давањата кои се применуваат кон државите со кои не е склучен меѓународен договор за социјално осигурување.

**Член 20**
Примена на правните прописи на Чешката Република

(1) Стекнувањето право на целосна инвалидска пензија за лицата кои од причина на нивна долгорочна неповолна состојба на здравјето која се појавила пред наполнети осумнаесет години, а не биле минимален период осигурани, е условено со постојано живеење на територија на Чешката Република.

(2) Надоместокот за беспомешност на корисниците на пензија се пресметува согласно членот 16 според периодите на осигурување кои беа земени предвид при пресметување на пензијата.

## Глава трета

## ПОВРЕДА НА РАБОТА И ПРОФЕСИОНАЛНА БОЛЕСТ

**Член 21**
Аналогна примена на некои одредби

За одобрување на давања во случај на несреќа на работа или професионални болести важат аналогно одредбите од првата и втората глава на овој договор, како и натамошните членови.

**Член 22**
Давања

Давањата во случај на несреќа на работа или професионална болест ги исплатува носителот на онаа држава договорничка чии правни прописи се применуваат на лицето во моментот на несреќата на работа или во периодот кога последен пат обавувал дејност која влијаела на настанување на професионална болест. Носителот на другата држава договорничка ги дава само оние давања на кои би бил должен според правните прописи на таа држава договорничка и според овој договор во случај на несреќа и болест предизвикани од други причини.

**Член 23**
Минимален период

Ако правните прописи на едната држава договорничка пропишуваат дека заради професионална болест се обезбедуваат давања само кога дејноста која можела да ја предизвика болеста е извршувана во определен минимален период, тогаш надлежниот носител на таа држава договорничка, ги зема предвид доколку е неоходно периодите на извршување на таквата дејност за време кога за таа дејност важеле правните прописи на таа држава договорничка.

**Член 24**
Влошување на болеста

Лицето кое примало или прима давање врз основа на професионална болест од надлежниот носител на едната држава договорничка и после обавувало дејност, која исто така, според правните прописи на другата држава договорничка може да предизвика професионална болест, остварува право на давање заради влошување на болеста кај носителот на другата држава договорничка :

1) носителот на првата држава договорничка останува во обврска да пружа давања според своите правни прописи без оглед на влошувањето на болеста, и

2) носителот на другата држава договорничка одобрува давање во висина на разликата помеѓу давањето кое би припаѓало после влошување на болеста и давањето кое би припаѓало според правните прописи на таа држава договорничка пред влошување на болеста.

## Глава четврта

## НЕВРАБОТЕНОСТ

**Член 25**
Собирање на периоди на осигурување

(1) Периодот на осигурување остварен со задолжително осигурување според правните прописи на едната држава договорничка се зема предвид при остварување на правото на паричен надоместок во случај на невработеност според правите прописи на другата држава договорничка доколку бил невработен во државата договорничка во која го остварува правото на надоместокот во последните дванаесет месеци пред поднесувањето на барањето за надоместок, ако бил во работен однос и задолжително осигурен во случај на невработеност најмалку девет месеци иако при тоа не биле повредени прописите за вработување на странци.

(2) Условот за минамалниот период од 9 месеци утврден во ставот 1 не се однесува на оние невработени лица чие вработување договорено на подолг период од наведениот престанало порано без нивна вина, или кои имаат постојано место на живееење на територијата на државата договорничка според чии правни прописи се остварува правото на давање.

**Член 26**

Висина и исплата на давањето

(1) Ако лицето добие право на давање за невработеност според правните прописи на едната држава договорничка и има постојано место на живеење на територијата на другата држава договорничка, ова давање ќе биде исплатено од надлежниот носител на првата држава договорничка според нејзините правни прописи, ако, во согласност со правните прописи за местото на живеење на странци, лицето кое го остварило правото ќе остане на територијата на оваа држава, ќе биде на располагање на нејзиниот носител во местото на последното вработување и ќе ги исполни другите услови за добивање давање кое им следува на лицата кои што живеат во таа држава

(2) Траењето на примањето на надоместокот се смалува за оној период за кој невработеното лице во другата држава договорничка во последните 12 месеци пред денот на поднесување на барање веќе примало паричен надоместок заради невработеност.

(3) За одредување на висината на давањето се земаат предвид само платите од последната дејност извршувана на територијата на државата според чии правни прописи давањето е признато.

**Член 27**

Забрана на трансфер

Давањата за невработеност остварени врз основа на овој договор и според правните прописи на секоја од двете држави договорнички, не се исплатуваат и ниту се рефундираат во странство.

**Глава петта**

ДЕТСКИ ДОДАТОК

**Член 28**

Право на детски додаток

Детски додаток на деца се признава и исплатува под услов и во висина утврдена според правните прописи на државата договорничка на чија територија живее детето.

## ДЕЛ IV

## РАЗНИ ОДРЕДБИ

### Член 29
Задачи на надлежните органи

(1) Надлежните органи на државите договорнички ќе утврдат постапка и ќе превземат мерки за примена на овој договор.
(2) Надлежните органи особено ќе :
1) склучат административна спогодба за примена на овој договор;
2) меѓусебно ќе се информираат за измените на правните прописи државите договорнички;
3) ќе определат органи за врска заради полесно комуницирање помеѓу носителите на двете држави договорнички.

### Член 30
Меѓусебна помош

(1) Носителите, органите и судовите на државите договорнички ќе пружаат меѓусебна помош при примена на овој договор, како да се работи за примена на нивните сопствени правни прописи. Оваа помош е бесплатна.

(2) Носителите меѓусебно ќе ги признаваат документите издадени од надлежните органи на другата држава договорничка; меѓутоа за здравствената состојба односно за степенот на инвалидност, конечно одлучува носителот на државата договорничка која е надлежна на пружање на давањето. При тоа може да се земат во предвид наодите и стручните лекарски мислења кои ги добил од носителот на другата држава договорничка.

(3) Лекарските прегледи, извршени според правните прописи само на едната држава договорничка, за лицата кои престојуваат на територија на другата држава договорничка, ќе се извршуваат на барање и на товар на надлежниот носител од лекарската комисија или од носителот во местото на живеење на тоа лице на територијата на другата држава договорничка според важечките правни прописи.

### Член 31
Ослободување од такси и заверки

(1) Ослободување или намалување на административните трошоци предвидени според правните прописи на едната држава договорничка за писмените и други документи кои треба да се поднесат според нејзините

правни прописи важи и за соодветни писмени и други документи кои се приложуваат според правните прописи на другата држава договорничка при примена на овој договор.

(2) Надлежните органи или носители на државите договорнички нема да бараат заверување од дипломатски, односно конзуларни претставништва на писмени и други документи кои е потребно да се приложуваат во согласно со овој договор.

**Член 32**
Службени јазици

(1) Носителите, органите и судовите на едната држава договорничка неможат да ги одбијат поднесоците или другите документи поднесени до нив заради тоа што се напишани на службениот јазик на другата држава договорничка или на англиски јазик.
(2) Во примената на овој договор носителите, органите и судовите можат меѓусебно да комуницираат како и со заинтересираните лица, односно нивните полномошници или преку органот за врска на нивниот службен јазик или на англиски.

**Член 33**
Застапување

Дипломатските и конзуларните преставништва на државите договорнички можат директно да се обраќаат до надлежните органи, носителите или стручните служби на државата договорничка со цел да добијат информации за заштита на интересите на својот државјанин и да можат да го застапуваат без полномошто.

**Член 34**
Поднесување на барања и рокови

(1) Барањата, изјавите и жалбите кои се поднесуваат според правните прописи на едната држава договорничка во определен рок на надлежниот орган, судот или носителот, се сметаат поднесени во рок ако се во истиот рок поднесени на надлежниот орган, судот или носителот на другата држава договорничка.

(2) Барањето за давање поднесено според правните прописи на едната држава договорничка, се смета истовремено и како барање поднесено за соодветното давање според правните прописи на другата држава договорничка. Тоа не важи ако подносителот на барањето изричито бара

остварување на давање заради старост, според правните прописи на другата држава договорничка биде одложено.

**Член 35**
Признавање на извршни одлуки

(1) Извршните одлуки на судовите, извршните решенија, како и доказите за неплаќање (писмени) на носителите или надлежните органи на едната држава договорничка, за придонеси и други побарувања од социјалното осигурување се признаваат и во другата држава договорничка.

(2) Признавањето може да се одбие единствено ако е спротивно на прописите на правниот поредок на онаа држава договорничка во која одлуката или решенијата треба да се признаат.

(3) Врз основа на одлуките и решенијата, признати според ставот 1 се спроведува извршувањето во другата држава договорничка. Извршната постапка на соодветната одлука или решение се спроведува според правните прописи кои важат за извршување на соодветните одлуки и решенија донесени во онаа држава договорничка на чија територија се спроведува извршувањето. Примерок од одлуката или решението мора да содржи потврда за нејзина извршност (клаузула за извршност).

(4) Взаемната помош на носителите при примена на ставовите 1 до 3 не го опфаќа застапувањето во судската постапка.

**Член 36**
Валута и плаќање

(1) Во случаите кога надлежниот носител на едната држава договорничка е задолжен да плати давање во пари на лице кое има живеалиште на територијата на другата држава договорничка, износот на давањето се изразува во паричната единица на првата држава договорничка.

(2) Во случаите кога, според овој договор, надлежниот носител на едната држава договорничка е задолжен да ги надомести трошоците за давања на носителот на другата држава договорничка износот на долгот се изразува во валутата на другата држава договорничка која го обезбедила давањето.

(3) Исплатите врз основа на овој договор од едната во другата држава договорничка се извршуваат во конвертабилни валути.

**Член 37**
Надоместување на повеќе исплатени давања

(1) Ако носителот од едната држава договорничка исплатил парични давања во поголем износ од оној кој му припаѓа на корисникот, преплатениот износ може на барање и во корист на носителот на првата држава договорничка да се надомести од заостанатото соодветно давање признато според правните прописи на другата држава договорничка.

**Член 38**
Надоместок на штета од трето лице

(1) Ако лице кое, според правните прописи на едната држава договорничка има право на давање за штета која настанала на територијата на другата држава договорничка според нејзините правни прописи, има право, правото на надоместок на штета од трето лице, да го пренесе на носителот на првата држава договорничка која е должна да ја изврши обврската според за неа важечките правни прописи; другата држава договорничка ќе го признае овој пренос на правото.

(2) Ако според одредбите од ставот 1 носителите на двете држави договорнички имаат право на надоместок на штета врз основа на ист случај на претрпена штета, тие се сметаат за заеднички доверители. Третото лице може правата пренесени според ставот 1 да ги надомести на двајцата, со плаќање на едниот од нив. Во меѓусебниот однос носителите се должни да извршат меѓусебни срамнувања според висината на давањето кое треба да го пружат.

**Член 39**
Решавање на спорови

(1) Ако во примената на овој договор се појават разлики и спорови, надлежните органи на државите договорнички ги решаваат со заемен договор.

(2) Ако не се постигне договор според предходниот став спорот ќе се реши по дипломатски пат.

## ДЕЛ V

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 40**

Преодни одредби

(1) Врз основа на овој договор неможе да се остварат никакви права на давања за период пред негово влегување во сила.

(2) Овој договор се однесува и на осигурани случаи кои настанале пред неговото влегување во сила освен случаите за остварување на права на паушална исплата.

(3) За определување на права на давања според овој договор, се земаат во предвид и периодите на осигурување навршени пред влегување во сила на овој договор.

**Член 41**

Зачувување на стекнатите права и нивното повторно утврдување

(1) Поранешните одлуки донесени во областите кои се уредуваат со овој договор не се пречка за примената на овој договор,

(2) Правата на лицата чии пензии биле остварени пред влегување во сила на овој договор можат, на барање да бидат повторно определени.

**Член 42**

Рокови

Правата кои можат да се остварат врз основа на поранешни осигурани случаи според член 40 став 2 и член 41 став 2, рокот за нивното остварување и роковите за застареност започнуваат во согласност со правните прописи на државите договорнички најрано со денот на влегување во сила на овој договор.

**Член 43**

Влегување во сила

(1) Овој договор подлежи на ратификација.

(2) Овој договор влегува во сила првиот ден на месецот кој следува по месецот, во кој се разменети ратификационите документи.

(3) Со денот на влегување во сила на овој договор, во односите меѓу двете држави престанува да важи Договорот помеѓу Федеративна Народна Република Југославија и Чехословачката Република за социјално осигурување и Договорот за соработка во обласа на социјалната политика помеѓу Федеративна Народна Република Југославија и Чехословачката Република од 22 мај 1957.

**Член 44**

Време на важење

(1)Овој договор се склучува на неопределено време. Секоја држава договорничка може договорот да го откаже писмено, по дипломатски пат најмалку 6 месеци пред истекот на тековната календарска година, при што договорот престанува да важи на 31 декември таа година.

(2) Во случај на откажување на овој договор, правата стекнати според неговите одредби продолжуваат да важат и понатаму.

Склучен во Скопје на ден 7 октомври 2005 година во два оригинала, секој на македонски јазик и на чешки јазик, при што двата текста се идентични.

**За Република Македонија**

**За Чешка Република**

SMLOUVA

MEZI

